**Повик број 25-2020**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот Monuments and Brutalist Architecture of North Macedonia: Boosting Tourist Promotion to Support Local Development (MBA) (Спомениците и бруталистичката архитектура во Северна Македонија: Зголемување на туристичката промоција и подржување на локалниот развој) кој е финансиран од Regional Cooperation Council објавува повик за набавка

Предмет на набавка

Предмет на набавката е снимање на аудио записи. Снимањето се состои од аудио записи на текст кој е подготвен од страна на ИСИЕ. Обемот на работа опфаќа 30 аудио записи при што секој одделен аудиозапис во просек е приближно не подолг од 10 минути траење, односно вкупно целиот материјал е приближно не подолг од 300 минути.

Рок за завршување на работите е 15 работни дена од денот на потпишување на договорот.

1. Критериуми за избор

Цена: 80 поени

Претходно искуство: 20 поени

2. Документи кои треба да се достават

- Финансиска понуда, која треба биде дадена во вкупна сума во денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ.
- Листа на референтни претходни проекти или работни задачи со кои се докажува претходно искуство

3. Склучување на договорот и рангирање

Доколку најдобро рангираната понуда е повисока од износот на средства утврден согласно со буџетот на ИСИЕ и одобрен од донаторот за оваа намена ИСИЕ го задржува правото да побара намалување на понудената цена од страна на понудувачот. Доколку понудувачот не се согласи со намалување на цената, ИСИЕ го задржува правото да не ја прифати понудата односно да не склучи договор со ни еден понудувач.

4. Рок за аплицирање: 30.6.2020 година
5. Доставување на понудите: понудите се доставуваат електронски на следната адреса isienabavki@mail.com

За дополнителни информации Ве молиме обратете се на: isie@mail.org или на телефонскиот број 071 375 554